РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-615/3
11-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 19-та седница одржана на 02.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2204/1 од 20.08.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Од утврдената состојба, обезбедената документација и анализата на постапките за јавни набавки спроведени од /// во /// и /// година за набавка на препарати за заштита од пожари на градската депонија во ///, произлегуваат сомнежи за постапување спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 24/19 и "Сл. весник на РСМ" бр. 87/21), заради што се поднесува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против службени лица од /// и економските оператори во предметните јавни набавки.

Предметот со број 12-2204/1 од 20.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2204/1 од 20.08.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведени постапки за јавни набавки од страна на ///, во врска со третманот на градската депонија во /// за заштита од пожари. Подносителот наведува дека за ист или сличен предмет на јавна набавка во /// година вредноста била поголема отколку во /// година. Според подносителот, со оглед дека станува збор за иста или скоро идентична спецификација разликата во цена за една година отвара сомнение за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

коруптивно однесување во првиот случај на набавка на течен препарат алги за третман на депонија.

Со цел испитување на наводите од пријавата, ДКСК ја побара целокупната документација за опишаните јавни набавки во пријавата од горе означеното КЈП и од доставеното произлезе следното:

Во /// година, потребата за предметната јавна набавка била утврдена со Одлука од /// година, донесена од директорот на горе означеното КЈП во својство на одговорно лице - ///. Според т. 1 од Одлуката, предметот на јавната набавка бил набавка на средство за превентивна санација од пожари на градската депонија; според т. 2 планираните средства биле определени на износ од /// денари; според т. 3 јавната набавка требало да се спроведе со поедноставена отворена постапка; според т. 4 поедноставената отворена постапка требало да се спроведе преку електронскиот систем за јавни набавки со е-аукција; и според т. 6 критериум за избор бил најниска цена.

Според тендерската документација од март /// година, дефинирани биле техничките спецификации за природен препарат на база на екстракт на алга, состојки на смесата: – темна морска алга /// CAS бр. /// FC бр. /// и темна морска алга /// CAS бр. /// FC бр. ///, со прецизно опишани физички и хемиски својства, во количина од /// литри. Огласот бил распишан на /// година ("Сл. весник на РСМ" бр. ///) и во објавен во електронскиот систем за јавни набавки под бр. ///.

По објавувањето на огласот, пред јавното отворање, од страна на еден економски оператор ///, биле поставени неколку прашања до КЈП, по однос на техничката спецификација на бараниот препарат, меѓу кои под прашање со ред. бр. 3 било побарано "////". На ова прашање, во својот одговор, КЈП навело дека "///".

На огласот конкурирале, односно поднеле понуди /// економски оператори и тоа, ///, кој понудил цена од /// денари без ДДВ и ///, кој понудил цена од /// денари без ДДВ.

Понудите биле отворени на /// година, за што е сочинет Записник од отворањето на понудите. Истиот ден била спроведена и евалуација на понудите, за што е сочинет Извештај од спроведената постапка.

Во фазата на евалуација на понудите, техничката понуда на економскиот оператор /// била отфрлена како неприфатлива од страна на комисијата за јавна набавка со образложение дека понудувачот во својот безбедносен лист не доставил CAS и FC број на понудените продукти, со што не ги исполнува условите и критериумите од тендерската документација. Следствено, како единствен економски оператор останал ///, чија понуда била оценета како прифатлива и со кој бил склучен Договорот за јавна набавка, заведен под бр. на КЈП /// од /// година, за времетраење од ///, сметано од неговото потпишување на /// година, во вредност на понудениот износ.

Со увидот во доставениот безбедносен сертификат на економскиот оператор ///, се утврди дека неговата понуда се однесува на темна морска алга ///, за кој КЈП во својот одговор на прашање од друг економски оператор тврди дека ///, според која бараниот продукт е темна морска алга /// CAS бр. /// FC бр. ///, кога, de facto, ///. Дополнително, за вториот продукт, за кој според тендерската документација се бара темна морска алга ///, се утврди дека доставениот безбедносен сертификат од економскиот оператор /// се однесува на продуктот темна морска алга ///, што не одговара на /// според тендерската документација.

Во /// година, потребата за предметната јавна набавка била утврдена со Одлука од /// година, донесена од директорот на горе означеното КЈП во својство на одговорно лице - ///. Според т. 1 од Одлуката, предметот на јавната набавка бил тестирање на градска депонија и заштита од пожари со алги; според т. 2 планираните средства биле определени на износ од /// денари, според т. 3 јавната набавка требало да се спроведе со поедноставена отворена постапка; според т. 4 поедноставената отворена постапка требало да се спроведе преку електронскиот систем за јавни набавки со е-аукција; и според т. 6 критериум за избор бил најниска цена.

Според тендерската документација од мај /// година, дефинирани биле техничките спецификации – темна морска алга /// CAS бр. /// бр. /// и темна морска алга /// CAS бр. /// FC бр. ///, со прецизно опишани физички и хемиски својства, во количина од /// литри. Дополнително, како втора ставка во техничката спецификација е предвидено расчистување и рамнење со булдожер – /// часа. Огласот бил распишан на /// година ("Сл. весник на РСМ" бр. ///) и во објавен во електронскиот систем за јавни набавки под бр. ///.

На огласот конкурирале /// економски оператори и тоа, ///, кој понудил цена од /// денари без ДДВ, ///, кој понудил цена од /// денари без ДДВ, и ///, кој понудил цена од /// денари без ДДВ.

Понудите биле отворени на /// година, за што е сочинет Записник од отворањето на понудите. Сите економски оператори доставиле понуди со бараните технички спецификации за бараните продукти во безбедносните сертификати темна морска алга /// и темна морска алга ///, со исклучок на економскиот оператор ///, каде во безбедносниот сертификат е наведена темна морска алга ///, при што ///.///.

На /// година била спроведена е-аукција, за што е сочинет Извештај за текот на е-Аукцијата, според кој, на јавното наддавање, најниска цена понудил економскиот оператор ///, во висина од /// денари без ДДВ. Истиот ден е сочинет Извештај од спроведената постапка, според кој како прворангиран економски оператор бил определен ///, со кој бил склучен Договорот за јавна набавка заведен под бр. на КЈП /// од /// година, за времетраење од ///, сметано од неговото потпишување на /// година, во вредност на понудениот износ.

Оваа состојба произлезе од обезбедената документација. На вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука поради следните причини:

Клучен момент кој влијаел на разликата во цените за јавна набавка на продукти со иста или слична техничка спецификација е отфрлањето на понудата на економскиот оператор /// во фазата на евалуација на понудите од постапката за јавната набавка во /// година. Имајќи предвид дека согласно тендерската документација безбедносниот лист бил предвиден во делот на услови за квалитативен избор – способност за вршење професионална дејност (точка /// од тендерската документација), договорниот орган можел /// како што било сторено во јавната набавка со број /// година за сите понудувачи. Како последица на отфрлањето на понудата, во постапката за јавната набавка останал ///, заради што не била спроведена е-аукција во јавната набавка со број /// година.

Согласно со член 109 став 2 од Законот за јавните набавки: *„При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор*

*за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.“*

Согласно со чл. 59 став 1 од Законот за јавните набавки: *“Договорниот орган може да користи електронска аукција на која ќе добие нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите, при што аукцијата се структурира како повторувачки електронски процес, кој следи по целосна првична евалуација на понудите и овозможува рангирање на понудите со методите за автоматска евалуација”*

Согласно со ставот 5 од истиот член од законот: *“Договорниот орган кој ќе одлучи да спроведе електронска аукција тоа го наведува во: огласот за јавна набавка.”* и *согласно со ставот 16 од истиот член од законот: “Доколку по првичната евалуација во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронската аукција нема да се спроведе.”*

Горенаведеното упатува на сомнежи за постапување од службените лица при договорниот орган спротивно на начелата за конкуренција помеѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори предвидени во чл. 5 и чл. 7 од Законот за јавните набавки.

Сето горенаведено, како и начинот на кој е спроведена постапката за јавна набавка во /// година упатува на сомнежи дека во тендерската документација од /// година се утврдени ///. На ова прашање ///, поставувајќи прашање до КЈП ///. Од страна на договорниот орган е одговорено дека ///. Оттука произлегува дека во предметниот случај постојат елементи на /// за јавната набавка од /// година.

Со исклучувањето на економскиот оператор ///, постапката за јавната набавка во /// година останала со ///, спречувајќи ја конкурентноста во јавната набавка, што влијае и на економичноста на постапката. Ова за последица довело до неспроведување на е-аукцијата во /// година, а од друга страна земајќи го предвид утврденото во тендерската документација (кое според ///) произлегува дека била оценета како прифатлива и избрана за најповолна понуда која ///.

Горенаведените дејствија имале за последица спроведување на постапка за јавна набавка и склучување на договор за јавна набавка без конкуренција во /// година, спротивно на основните начела на Законот за јавните набавки, а на штета

на КЈП и останатите економски оператори. Дотолку повеќе што за овие продукти во /// година, била дефинирана ///, кои одговарале на /// и со спроведување на е-аукција била постигната цена во висина од /// денари, а количината на продуктите била ///. На овој начин не биле почитувани начелата за конкуренција помеѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори од Законот за јавните набавки во јавната набавка од /// година. Ова, дотолку повеќе што критериумите за прифаќање на понудите /// во /// и во /// година, што упатува на заобиколување на горенаведените начела за транспарентност и правичност во постапките за јавните набавки во /// и /// година и особено заобиколување на законските одредби во чл. 59 ст. 16 од Законот за јавните набавки, со цел исклучување на обврската за спроведување на е-аукција, со јавно наддавање.

Од увидот во документацијата за реализација на предметните јавни набавки, не може со сигурност да се утврди ///. Дотолку повеќе што, според сметководствената евиденција на КЈП, еден дел од обврските спрема економскиот оператор ///, во износ од /// денари се затворени со ///, при што de facto едниот од нив (///) е добитник на тендерот во јавната набавка со број /// година; а вториот од нив (///) е добитник на тендерот во јавната набавка со број /// година. Следствено, не е јасно што е испорачано и дали испорачаните препарати ја одразиле суштината на економската трансакција – превентивна санација од пожар на градската депонија во ///.

Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба ДКСК е на мислење дека констатираните состојби упатуваат на сомнежи за несовесно работење, злоупотреба на службената положба и овластувања и злоупотреба на јавен повик за доделување на договор за јавна набавка, со постапување спротивно на Законот за јавните набавки, преку заобиколување на законските одредби за е-аукција од овој Закон, начинот на дефинирање на тендерската документација, поднесување и евалуација на понуди во постапката за јавна набавка во /// година, особено ако се земе предвид одговорот на поставените прашања од страна комисијата за јавна набавка при КЈП дека /// (///). Поради наведеното ДКСК ќе поднесе иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Јавното обвинителство на РСМ во однос на постапувањето на ///. Имено, согласно член 111 став 4 од Законот за јавните набавки, при избор на најповолна понуда, одговорното лице е должно да го прифати извештајот на комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда, освен ако утврди дека

предлогот е изготвен спротивно на овој закон. Воедно, постојат сомнежи дека економскиот оператор ///.

Од овие причини, ДКСК оцени дека во предметниот случај, постојат сомнежи за несовесно работење, злоупотреба на службената положба и овластувања и фаворизирање на економски оператор од страна на горе наведените службени лица, како и сомнежи за злоупотреба на јавен повик при доделување на договор за јавна набавка од страна на горе наведениот економски оператори и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член

Доставено до:
- Подносителот
- Јавно обвинителство на РСМ